ANIMA MUNDI
Здружение за заштита на животни • Animal Protection Association
Ордан Пиперката 33, 1000 Скопје•Тел: 070 / 234 906
anima.mundi.sk.mk@gmail.com

**До Агенција за храна и ветеринарство**

**Сектор за здравствена заштита на животните**

Почитувани,

Ние, здружението за заштита на животни „Анима Мунди„ национална, непрофитна организација за заштита на животни во Р. Македонија; членка на *Европската коалиција за прекин на експерименти врз животни;* членка на *Европската вегетаријанска унија*, како и членка на една од најсилните меѓународни организации за заштита на животните *ОИПА интернешенал –придружник на одделот за јавно информирање во Обединетите Нации,*

Ја поднесуваме следната:

**Претставка за иззживување и измачачување на животни, вршење ететски корекции од нестручни лица во несоодветни услови** против Трпе Трпев со постојано место на живеење на ул. Улица бр 1 Центар, Скопје, кој врши нелегални хирушки/ естетски интервенции врз кучиња, односно купирање на уши и опаш. Информацијата ја добивме од лица кои ги користеле неговите услуги и воедно сакаат да останат анонимни**.** Ова е редовна практика во изминативе неколку години на вршење нелегални хирушки/естетски интервенции врз животно во несоодветни услови и квалификации од страна на горенаведениот.

Од Вас бараме да постапите согласно Законот за заштита и благосостојба на животните, кој пропишува дека секој треба да делува на хуман и грижлив начин кон животните, а забранува предизвикување болка, патење или повреди, сурово и нехумано постапување и убивање на животните спротивно одредбите на овој закон. Воедно и хирушките интервенции ќе се изведуваат само доколку за тоа постојат медицински или одгледувачки услови, со соодветна употреба на локална или целосна анестезија, и на начин со кој ќе се избегне предизвикување непотребна болка или страдање на животното.

Ве замолуваме за информација на нашата меил адреса vasataEmilAdresa@domain.com. како и на кој начин ќе постапите во однос на оваа претставка.

Во прилог Ви ги доставуваме сликите, кои можат да послужат како доказ за лицето да биде соодветно казнето.

**Со почит,**

Здружение за заштита на животни “Анима Мунди”

Столе Велковски